**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11.04.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2200 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Надзор над изборното медиумско претставување во периодот од распишувањето на изборите 2019 година до почетокот на изборната кампања;

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот:** од 9 февруари до 31 март 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 април 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста)

6. **Претходно изречена мерка:**

   - Писмено укажување за прекршување на член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заштита на достоинството на личноста) бр. 03-81 од 26 февруари 2019 година.

7. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот над изборното медиумско претставување на програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитувано во периодот од 9 февруари до 31 март 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на програмските начела за вршење на дејноста од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ)** кои се однесуваат на: објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (**член 61 став 1 алинеја 9**) и самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика (**член 61 став 1 алинеја 13**).

Агенцијата, согласно член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19) врши

мониторингот врз изборното медиумско претставување од денот на распишувањето на изборите за претседател на државата и за градоначалници на општините Дебар, Ново Село и Охрид. Принципот според кој медиумите ќе треба да известуваат за активностите од кампањите на кандидатите за претседател на државата и за градоначалници, односно принципот на еднаквост, започнува да важи со почетокот на изборната кампања. Поради тоа Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси бр. 01-658/1 од 7 февруари 2019 година, определува дека начинот на известување во вестите и информативните програми во периодот пред почетокот на изборната кампања, се следи од аспект на почитувањето на професионалните начела за дејноста од член 61 од ЗААВМУ.

Мониторингот на медиумското изборно претставување за Претседателските избори и Предвремените избори за градоначалници во Дебар, Ново Село и Охрид, започна на 9 февруари 2019 година, и во периодот пред почетокот на изборната кампања (на 1 април), наодите беа сублимирани на два пати и објавени во два извештаи – едниот за периодот од 9 февруари до 6 март, а другиот од 7 до 31 март 2019 година.

Предмет на надзорот беа изданијата на Вестите на ТВ Сонце во 18 часот.

**Во периодот од 9 февруари до 31 март 2019 година, за партијата Македонска алијанса, чиј претседател Ѓорѓија Џорџ Атанасоски е сопственик на ТВ Сонце, беа издвоени 1 час 18 минути и 25 секунди што е повеќе од вкупното време што го добиле сите други политички партии и кандидати заедно, а кое изнесува 1 час 1 минута и 48 секунди. Исто така, вестите честопати започнуваа со ставовите и реакциите на Македонска алијанса.**

Во првиот извештаен период (од 9 февруари до 6 март 2019 година) беа опфатени 26 изданија на Вестите, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 5 часа 26 минути (5 часа 23 минути и 52 секунди за претежно информативни жанрови и 2 минути и 8 секунди за еден коментар насловен „Писмено признание на Ѓорѓија Џорџ Атанасоски за професионалноста на БИ БИ СИ"). За соопштенијата, прогласите и писмените реакции на партијата Македонска алијанса беа издвоени 41 минута и 23 секунди, односно повеќе отколку за која било друга политичка партија (Табела 1).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ СОНЦЕ - *Вести во 18 часот* (9 февруари - 6 март 2019 година)**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Македонска алијанса | 00:41:23 | 12,78 | % |
| Влада на РМ | 01:28:55 | 27,45 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:49:53 | 15,40 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:36 | 1,11 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:02 | 5,26 | % |
| Собрание на РМ | 00:08:51 | 2,73 | % |
| Други субјекти | 00:34:29 | 10,65 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:18:02 | 5,57 | % |
| СДСМ | 00:08:32 | 2,63 | % |
| Специјално обвинителство | 00:11:52 | 3,66 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:52 | 3,36 | % |
| Без субјекти | 00:03:33 | 1,10 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:35 | 1,72 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Левица | 00:00:50 | 0,26 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:14 | 0,38 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:05 | 0,33 | % |
| Судство | 00:10:07 | 3,12 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:19 | 1,02 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:42 | 1,45 | % |
| | **Вкупно: 05:23:52** | **100** | **%** |

Во вториот извештаен период (од 7 до 31 март 2019 година) анализирани беа 25 изданија на Вестите, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 4 часа 44 минути и 43 секунди. За соопштенијата и писмените реакциите на партијата Македонска алијанса беа издвоени 37 минути и 2 секунди од вкупното време, што е повеќе отколку времето за сите други политички субјекти (партии и кандидати) заедно - за кои беа издвоени вкупно 33 минути и 5 секунди (Табела 2).

***Табела 2: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ СОНЦЕ - *Вести во 18 часот* (од 7 до 31 март 2019 година)**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Македонска алијанса | 00:37:02 | 13.01 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:26 | 2.61 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:02:56 | 1.03 | % |
| Стево Пендаровски | 00:02:56 | 1.03 | % |
| Блерим Река | 00:02:56 | 1.03 | % |
| Други субјекти | 00:39:57 | 14.03 | % |
| Влада на РМ | 00:53:02 | 18.63 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:58 | 3.85 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:34:01 | 11.95 | % |
| Јавно обвинителство | 00:08:49 | 3.10 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:22:11 | 7.79 | % |
| Специјално обвинителство | 00:08:48 | 3.09 | % |
| Судство | 00:09:07 | 3.20 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:14:47 | 5.19 | % |
| СДСМ | 00:05:21 | 1.88 | % |
| Локална самоуправа | 00:06:15 | 2.20 | % |
| Собрание на РМ | 00:10:49 | 3.80 | % |
| Без субјекти | 00:00:37 | 0.22 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:55 | 0.67 | % |
| АРМ | 00:00:41 | 0.24 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:30 | 0.18 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:36 | 0.21 | % |
| Левица | 00:01:41 | 0.59 | % |
| Беса | 00:00:41 | 0.24 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:00:41 | 0.24 | % |
| | **Вкупно: 04:44:43** | **100** | **%** |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 61 став 1 алинеи 9 и 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, во изданијата на Вестите во 18 часот емитувани во периодот од 9 февруари до 31 март 2019 година, за партијата Македонска алијанса, чиј претседател Ѓорѓија Џорџ Атанасоски е сопственик на ТВ Сонце, беа издвоени 1 час 18 минути и 25 секунди што е повеќе од вкупното време што го добиле сите други политички партии и кандидати заедно, а кое изнесува 1 час 1 минута и 48 секунди. Исто така, во овој период вестите честопати започнуваа со ставовите и реакциите на Македонска алијанса. На ваков начин, медиумот беше искористен за да му биде дадена прекумерна видливост на политичкиот субјект Македонска алијанса, чиј претседател е сопственикот на Телевизијата, односно не беше обезбеден еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања и не беше почитувано начелото за самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика.

9. **Предлог-мерка:**

Во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата да го прифати извештајот од надзорот и да донесе заклучок на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, писмено да му се укаже за констатираното прекршување на член 61 став 1 алинеи 9 и 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***